Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 февруари 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Албан Идризи с. Шипковица, Тетово УП2 09-358/23 од 6 декември 2023 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-1259 од 3 ноември 2023 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-1259 од 3 ноември 2023 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Албан Идризи с. Шипковица, Тетово до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-358/23 од 6 декември 2023 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 11-1259 од 3 ноември 2023 година на КЕЦ Тетово, издадено поради непостоење на технички услови за приклучок на пумпа за наводнување.

Според Електродистрибуција – парцелата е на 600 метри од последната напојна точка, а последната напојна точка се напојува од ТС Деребој 8 и е оддалечена исто така 600 метри, односно 1200 метри од парцелата до приклучна ТС трафостаница. Нема потенцијални баратели во близина на барателот, а местото е вон градежен реон.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 11 јануари 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-358/23 од 6 декември 2023 година со прилог:

-Приговараното Решение

2. Одговор на Приговор и дополнителни докази од ЕВН од 15 декември 2023 година со прилог:

-Барање за согласност за приклучок

-Потврда за потреба од пумпа за наводнување на земјиште

-Имотен лист

-GIS скица

-Уверение дека парцелата е вон градежен реон

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, објектот е предалеку од трафостаницата од аспект на квалитет на напонот. Исто така, нема потенцијални баратели на приклучок во околината, а се работи за парцела која е вон градежен реон..

Согласно член 35 став (1) точка 2), операторот на дистрибутивниот систем ќе донесе Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа во случај кога не постојат технички услови за приклучување на корисникот на дистрибутивната мрежа според барањето на корисникот.

Имајќи го предвид горенаведеното се утврди дека не постојат технички услови за приклучување на објектот, односно Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Решение, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–358/23**
**8 февруари 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**